# Службен гласник

| Број 22 | 01.09.2014 година |
|---|---|

на Општина Кавадарци



| С О Д Р Ж И Н А | |
|---|---|
| Решение за објавување Решението за формирање Комисија за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци | 3 |
| Решението за формирање Комисија за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци | 3 |
| Решение за објавување на Заклучокот за усвојување Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 – Втор Квартал; | 4 |
| Заклучокот за усвојување Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 – Втор Квартал; | 5 |
| Решение за објавување на Одлуката за доделување на Награда “7 ми Септември”; | 5 |
| Одлука за доделување на Награда “7 ми Септември”; | 6 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2014 година; | 7 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2014 година; | 7 |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување за Нацрт Детален Урбанистички План дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци; | 9 |
| Одлука за утврдување за Нацрт Детален Урбанистички План дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци; | 9 |
| Решение за објавување на Одлука донесување измена дополнување на Детален Урбанистички План Индустриск зона” УМ-А” и дел од УБ 1к-Општина Кавадарци; | 10 |
| Одлука донесување измена и дополнување на Детале Урбанистички План Индустриска зона” УМ-А” и дел од УБ 1 Општина Кавадарци; | 11 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнуван на Одлуката за висината на цените за собирање транспортирање на комунален отпад ; | 13 |

| | |
|---|---|
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висина на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад ; | **13** |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финанси средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година | **15** |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот Општина Кавадарци за 2014 година **;** | **15** |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнув на Решението за разрешување и именување членови во Управ Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци; | **16** |
| Решение за објавување на Решение за изменување и дополнув на Решението за разрешување и именување членови во управн Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци; | **16** |
| Решение за изменување и дополнување на Решението разрешување и именување членови во управниот Одбор на Ј Детска Градинка „Рада Поцева" Кавадарци; | **16** |
| Решение за објавување на Решението за именување членов заменици(од редовите на Совет на Општина Кавадарци) Комисијата за спроведување на постапка за избор на прива партнер за доделување на Договор за јавно приватно партнерс за реконструкција и изградба на затворен олимписки базен; | **17** |
| Решението за именување членови и заменици(од редовите Совет на Општина Кавадарци) во Комисијата за спроведување постапка за избор на приватен партнер за доделување на Дого за јавно приватно партнерство за реконструкција и изградба затворен олимписки базен; | **18** |
| Решение за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за состојбата со јавната безбедност и безбедно на сообраќајот на патиштата за првото полугодие од 2014 годи | **19** |
| Заклучокот за усвојување на Информација за состојбата јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштат првото полугодие од 2014 година; | **19** |
| Решение за објавување на Одлуката за определување на имиња улици во град Кавадарци; | **20** |
| Одлуката за определување на имиња на улици во град Кавадар | **20** |
| Решение за објавување на Одлуката за утврдување на потреб од донесување на нова урбанистичко планска документациј објекти надвор од плански опфат; | **28** |
| Одлуката за утврдување на потребабб од донесување на н урбанистичко планска документација за објекти надвор плански опфат; | **28** |
| Решение за објавување на Решението за именување на ч претставник од Советот на Општината во Управниот Одбор на Меѓуопштински центар за социјални работи Кавадарци; | **30** |
| Решението за именување на член претставник од Советот Општината во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински центар социјални работи Кавадарци; | **31** |
| Решение за објавување на Одлуката за одобрување на финанси средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година; | **32** |
| Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот Општина Кавадарци за 2014 година; | **32** |
| | |
| ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА од Комисијата за статут и прописи; | **33** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение**
**за формирање Комисија**
**за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за формирање Комисија за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 3, а во врска со член 83 став 5 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање Комисија**
**за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци.

За членови во Комисијата од став 1 се именуваат:

1.Петар Камчевски-надворешен член
2.Душанка Малинкова-член на Совет на Општина Кавадарци
3.Слободан Ивановски-член на Совет на Општина Кавадарци
4.Златко Ташев-член на Совет на Општина Кавадарци
5.Трајче Грков-член на Совет на Општина Кавадарци
6.Блаже Тасев-член на Совет на Општина Кавадарци
7. Димитар Зарков-член на Совет на Општина Кавадарци
8.Зоран Јованчев-член на Совет на Општина Кавадарци
9.Владимир Клинчаров-член на Совет на Општина Кавадарци
10.Сашко Петров-член на Совет на Општина Кавадарци
11.Горан Белевски-член на Совет на Општина Кавадарци

**Член 2**

Комисијата од член 1 на ова Решение е повремено работно тело и мандатот на членовите истекува со донесување на Одлуката за определување на имиња на новоизградени улици во Општина Кавадарци.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3862/1**
**27.08.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот**
**за усвојување на Кварталниот Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година – Втор квартал**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година – Втор квартал, донесен на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4060/2**
**01.09.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.61/04 и 96/04, 67/07,156/09, 47/2011), член 36 став 1 точка 7 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), расправајќи по Кварталниот Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година - Втор Квартал, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година – Втор квартал**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година – Втор квартал.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**доделување Награда “7-ми Септември”**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за доделување Награда”7-ми Септември”, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 18 од Правилникот за начинот,условите и постапката за доделување на награда “7 ми Септември” (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.26/2003) и член 56 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на Награда “7 ми Септември”**

**Член1**

По повод “7 ми Септември”-Денот на ослободувањето на град Кавадарци,

Наградата “7-ми Септември” се доделува на:

- Димитар Каракулев како знак на општествено признание за особени постигнувања во областа на невладниот сектор и Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на град Кавадарци;
- Душан Стефанов како знак на општествено признание за особени постигнувања во областа на култура;
- Тодор Белевски (постхумно) како знак на општествено признание за особени постигнувања во областа на спортот.

**Член 2**

Наградата се состои од плакета и диплома.

**Член 3**

Наградата ќе се додели на Свечената седница на Денот на празникот на Општината 7 – ми Септември.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4060/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09,124/10,18/2011, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14) и член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на**
**Програмата за изработка на урбанистички планови**
**во Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Во Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2014 година ("Службен Гласник на Општина Кавадарци "10/2013 , бр.13/2014, 19/2014) се врши следната измена :

***<u>Во Глава</u>* IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица , после точка 44 се додаваат нови точки 45 , 46 и 47 кои гласат:**

I.

45.„ДУП за Кп.П бр.11558 К.О Кавадарци Општина Кавадарци

*Површина на опфат* - 457 m2 или 0,046 ха

*Граници на опфат* Парцелата на северна и западна страна граничи со соседни парцели на кои има изградени објекти со намена А1-домување во станбени

куки, на јужна страна парцелата излегува на ул”Максим Горки” , додека на источна страна на ул”Питу Гули”.

*Намена* - А-домување
-А1-домување во станбени објекти

46.„ДУП за дел од УБ 17К, „Гоце Делчев” , Општина Кавадарци„

*Површина на опфат* - 0,4816 ха
*Граници на опфат* - југ: ул”Прилепска”
- исток: ул”Гоце Делчев”
- север: огранок на ул..Словенска..
- запад: ул”Словенска”

*Намена* -А 1 Домување во станбени куки„

47. .„ДУП УМ 12 , дел од УБ”Трибор” К.О-Општина Кавадарци„

*Површина на опфат* - 1,2 ха
*Граници на опфат* - југ: по осовина на ул”Февруарски поход”
- исток: по осовина на ул”14 Мај”
- север: по осовина на ул”Ѓоре Брушански”
- запад: по осовина на улица “11 Бригада”

*Намена* -А-ДОМУВАЊЕ
А1 Домување во станбени куки„

-Б- КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б1 – мали комерцијални и деловни намени

Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д1 – Парковско зеленило

**II.**

Во точка 43 -„Локална урбанистичка планска документација за лесна индустрија Г 2, КО Марена , Општина Кавадарци„:
бројот на КП бр. 2252/2 СЕ ЗАМЕНУВА со Кп.бр.2252/1;

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлуката за утврдување за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4060/5**
**01.09.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 22 став 1 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07,91/09,124/10, 18/11,53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ , Мало стопанство Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци утврдува Нацрт Детален Урбанистички План за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци, со плански опфат:

- Од север – дел од КП 1129/14, низ улицата "27 Март" и КП.бр.1129/130
- Од исток –дел од КП.бр 1129/10, на улицата "27 Март"
- Од југ –дел од КП 1129/10, низ улицата "27 Март и КП.бр,1129/13;
- Од запад –дел од КП 1129/14, според техничка документација бр.155/13 изработена од изработена од А.Д за урбанизам , проектирање и инжињеринг "ЗУМ" Скопје.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ, Мало стопанство Општина Кавадарци се :

- текстуален дел со билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот
- синтезен графички приказ на планските решенија со тех.бр. 155/13.

**Член 3**

По утврдувањето на Одлуката Нацрт Детален Урбанистички План за дел од Урбан Блок 2 Г – Глишиќ Мало стопанство Општина Кавадарци, Градоначалникот на Општина Кавадарци организира јавна презентација и јавна анкета.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова – Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона”УМ-А”**
**и дел од УБ 1К- Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона”УМ-А” и дел од УБ 1К- Општина Кавадарци , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 22 став 1 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07,91/09,124/10, 18/11,53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона "УМ-А" и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона "УМ-А"
и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци, плански период (2012-2017).

Документацијата за донесување на измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона "УМ-А" и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци плански период (2012-2017), е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 163/13), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 78/06, 140/07; 12/09; 93/09, 142/10, 64/11, 98/11, 169/11) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник" бр.78/06).

### Член 2

Просторот за кој се донесува измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона "УМ-А" и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци, е со вкупна површина од 4,96 ха.

### Член 3

Составен дел на оваа одлука е:

- Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување на измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона “УМ-А” и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци, плански период (2012-2017).

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.14-10799 од 04.08.2014 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување измена и дополнување на Детален Урбанистички План Индустриска зона “УМ-А” и дел од УБ 1 К – Општина Кавадарци плански период (2012-2017), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци во 7 ( седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден во Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при општина Кавадарци, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам – Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи ПЕ Кавадарци и еден примерок се изложува во просториите на Општина Кавадарци за достапност на јавноста.

**Член 5**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/7**
**01.09.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 121 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ” бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08, 124/2010, 51/2011, 132/2012, 163/2013), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката**
**за висината на цените за собирање и транспортирање**
**на комунален отпад во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци бр.07-413/8 од 08.02.2010 година (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.12/2010) , бр.07-2873/6 од 30.05.2011 година(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.33/2011) , бр.07-3014/6 од 08.07.2014 (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.20/2011)СЕ ВРШАТ следните изменувања и дополнувања:

**Во член 1-в на крајот од реченицата се бришат наводниците се става запирка и се додава следниот текст:**

**и тоа изразено во апсолутен износ гласи:**

**ХИГИЕНА**

| | Стан | Двор |
|---|---|---|
| Физички лица | 1.0962 ден/м2 | 0.278 ден/м2 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Дукани кат 1 зона 1 | 13.572 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 1зона 2 | 12.528 ден/м2 | 0.000 ден/ м2 |
| Дуќани кат1зона 3 | 10.440 ден/м2 | 0.000 ден/ м2 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Дукани кат 2 зона 1 | 11.310 ден/ м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 2зона 2 | 10.440 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 2 зона 3 | 8.700 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Дукани кат 3 зона 1 | 9.048 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 3зона 2 | 8.352 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 3 зона 3 | 6.960 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| | | |
| Фирми | 2.2533 ден/м2 | 0.740 ден/м2 |
| Установи | 2.0271 ден/м2 | 0.609 ден/м2 |

**ЗЕЛЕНИЛО**

| | Стан | Двор |
|---|---|---|
| Физички лица | 0.164 ден/м2 | 0.042 ден/ м2 |
| | | |
| Дукани кат1 зона 1 | 2.028 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 1 зона 2 | 1.872 ден/ м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат1 зона 3 | 1.560 ден/ м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дукани кат2 зона 1 | 1.690 ден/м2 | 0.000 ден/ м2 |
| Дуќани кат 2 зона 2 | 1.560 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат2 зона 3 | 1.300 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |

| | | |
|---|---|---|
| Дукани кат 3 зона 1 | 1.352 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 3 зона 2 | 1.248 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |
| Дуќани кат 3 зона 3 | 1.040 ден/м2 | 0.000 ден/м2 |

| | | |
|---|---|---|
| Фирми | 0.337 ден/ м2 | 0.111 ден/м2 |
| Установи | 0.303 ден/м2 | 0.091 ден/м2 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3862/7**
**27.08.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлуката за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/8** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Записник од Комисијата за финасии буџет бр.07-3885/2 од 26.08.2014 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 55.000,00 денари на ЈП за стопанисување со спортски објекти ”Мито Хаџи-Василев Јасмин” Кавадарци со намена помош на машката кошарка во Кавадарци .

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година на сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти ”Мито Хаџи-Василев Јасмин” Кавадарци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3862/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во упраниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во упраниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка „Рада Поцева” Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4060/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 114 точка 10 од Законот за заштита на децата (“Сл.весник на РМ” бр.23/2013,12/2014, 44/2014), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08. 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За изменување и дополнување на Решението**
**за разрешување и именување членови**
**во Управниот Одбор на**
**ЈОУ Детска Градинка “Рада Поцева” Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешува претставникот на Општина Кавадарци Валентина Таскова во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка “Рада Поцева” Кавадарци , именувана со Решение бр.07-873/15 од 28.02.2014 (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.13/2014).

За претставник на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка “Рада Поцева” Кавадарци СЕ ИМЕНУВА

1.Трајанка Митрева ул„Диме Туриманџов” бр.26 Кавадарци;

За претставник на министерството за труд и социјална политика во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка “Рада Поцева” Кавадарци СЕ ИМЕНУВА :

1.Валентина Таскова- Кавадарци;

За претставници од Совет на родители во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци СЕ ИМЕНУВААТ:

1.Трајанка Бошева ул"Божо Димов" бр.25 Кавадарци
2.Никола Наумов ул"Индустриска" бр.46 Кавадарци

За претставник од стручниот совет на Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци во Управниот Одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева" Кавадарци СЕ ИМЕНУВА :

1.Стафилова Верица ул"Мирче Ацев" бр.3 Кавадарци

**Член 2**

Мандатот на членовите во Управниот одбор на ЈОУ Детска Градинка "Рада Поцева " Кавадарци , трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите, Детската градинка и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3862/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за именување на членови и заменици**
**(од редовите на Советот на Општина Кавадарци)**
**во Комисијата за спроведување на постапка за избор на приватен партнер**
**за доделување на Договор за јавно приватно партнерство**
**за реконструкција и изградба на затворен олимписки базен**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за именување на членови и заменици (од редовите на Советот на Општина Кавадарци)во Комисијата за спроведување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на Договор за јавно приватно партнерство за реконструкција и изградба на затворен олимписки базен, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4060/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.09.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 3, а во врска со член 83 став 5 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), во врска со Одлуката бр.07-3014/1 од 08.07.2014 година за започнување на постапка за јавно приватно партнерство, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.08.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови и заменици**
**(од редовите на Советот на Општина Кавадарци)**
**во Комисијата за спроведување на постапка за избор на приватен партнер**
**за доделување на Договор за јавно приватно партнерство**
**за реконструкција и изградба на затворен олимписки базен**

**Член 1**

